Врз основа на член член 37 став (4) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24 и 160/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за времето на забрана, дозволените риболовни средства, големината на риби под која не смеат да се ловат, како и начинот на обележување на пловните објекти и означувањето и евидентирањето на рибарскиот алат

### Член 1

Со овој правилник се пропишува времето на забрана, дозволените риболовни средства, големината на риби под која не смеат да се ловат, како и начинот на обележување на пловните објекти и означувањето и евидентирањето рибарскиот алат.

### Член 2

(1) Времето на забрана за риболов на сите видови риби во риболовните подрачја во текот на годината изнесува најмалку 30 дена, освен за пастрмските видови за кои времето на забрана изнесува најмалку 90 дена.

(2) Времето на забрана по видови риби се определува од корисниците на рибите во рамки на периодот на забрана и тоа:

| Табела 1. Период на забрана за риболов | | |
|---|---|---|
| Фамилија/вид на риба | Научно име | Период |
| **Пастрмки** | ***Salmonidae*** | |
| охридска пастрмка | *Salmo letnica* | од 01.11. до 31.03. во наредната година |
| охридска белвица | *Salmo ohridanus* | од 01.11. до 31.03. во наредната година |
| пастрмка | *Salmo macedonicus, Salmo pelagonicus, Salmo farioides* | од 01.10. до 31.01. во наредната година |
| **Краповидни** | ***Cyprinidae*** | |
| крап | *Cyprinus carpio* | од 15.04. до 30.06. |
| клен, утман, бушар | *Squalius vardarensis, Squalius orpheus, Squalius squalus* | од 15.04. до 30.06. |
| бојник, скобуст, подуст | *Chondrostoma vardarense, Chondrostoma prespense, Chondrostoma nasus* | од 15.04. до 15.07. |
| бела мрена | *Barbus macedonicus* | од 15.05. до 15.07. |
| црна мрена | *Barbus balcanicus, Barbus rebeli, Barbus strumicae* | од 15.04. до 30.07. |

| | | |
|---|---|---|
| писа, платица | *Scardinius erithrophtalmus, Scardinius knezevici* | од 01.05. до 15.06. |
| црвеноперка | *Rutilus rutilus* | од 15.04. до 15.06. |
| попадика, еѓупка | *Vimba vimba, Vimba melanops* | од 01.05. до 30.06. |
| златен карас | *Carassius carassius* | од 15.04. до 31.05. |
| лињак, линиш | *Tinca tinca* | од 01.05. до 30.06. |
| **Перкии** | ***Percidae*** | |
| костреш | *Perca fluviatilis* | од 15.03. до 31.05. |
| смуѓ | *Stiziostedion lucioperca* | од 01.02. до 31.03. |
| **Сомови** | ***Siluridae*** | |
| сом | *Silurus glanis* | од 01.04. до 15.06. |
| **Штуки** | ***Esocidae*** | |
| штука | *Esox lucius* | од 01.02. до 31.03. |

(3) Видовите риби кои не се наведени во табелата 1 од овој член може да се ловат во текот на целата година без ограничување.

(4) Наведените видови риби во табелата се трајно забранети видови риби за риболов :

| Табела 2. Видови риби со трајна забрана за риболов | | |
|---|---|---|
| Фамилија/вид на риба | Научно име | Период |
| **Пастрмки** | ***Salmonidae*** | |
| преспанска пастрмка во риболовно подрачје Преспанско Езеро | *Salmo peristericus* | трајна забрана |
| **Краповидни** | ***Cyprinidae*** | |
| клен, утман, бушар во риболовно подрачје Преспанско Езеро | *Squalius prespensis* | трајна забрана |
| црна мрена во риболовно подрачје Преспанско Езеро | *Barbus prespensis* | трајна забрана |
| златен карас во риболовни подрачја:<br>- Вардар - средно течение,<br>- Вардар – долно течение и<br>- Црна Река | *Carassius carassius* | трајна забрана |
| лињак, линиш во риболовно подрачје Вардар – долно течение | *Tinca tinca* | трајна забрана |
| **Перкии** | ***Percidae*** | |
| вретенар | *Zingel balcanicus* | трајна забрана |

(5) Времето на забрана за ловење на сите видови риби во риболовното подрачје Дојранско Езеро се определува на годишно ниво во соработка со Република Грција во периодот од 15 април до 30 јуни.

Член 3

Дозволени риболовни средства за вршење риболов се:

1. рибарски алат за вршење комерцијален риболов,

2. риболовен прибор за вршење рекреативен и спортски риболов и
3. риболовна опрема за вршење комерцијален и рекреативен риболов.

Член 4

(1) Рибарски алат за вршење комерцијален риболов во зависност од видот на рибите, начинот на кој се користат и риболовната вода од која се ловат е:

1. стоечки мрежи (мрежи кои се поставуваат на дното на риболовната вода, долниот конец лежи на дното на риболовната вода) и повлечни мрежи (мрежи кои се поставуваат во риболовната вода со пловен објект, а се извлекуваат од брегот),
2. струкови и
3. блинкери.

(2) За вршење комерцијален риболов дозволен рибарски алат според видот на рибата е:

1. најмногу десет стоечки мрежи за риболов на охридска пастрмка - со најголема должина од 50 m, најголема висина од 5 m и димензија на окца од најмалку 50 mm;
2. најмногу десет стоечки мрежи за риболов на охридска белвица - со најголема должина од 50 m, најголема висина од 5 m и димензија на окца од најмалку 26 mm;
3. најмногу десет стоечки мрежи за риболов на крап - со најголема должина од 50 m, најголема висина од 10 m и димензија на окца од најмалку 60 mm;
4. најмногу десет стоечки мрежи за риболов на охридска плашица - со најголема должина од 50 m, наголема висина од 5 m и димензија на окца од 10-14 mm;
5. најмногу десет стоечки мрежи за риболов на останатите видови риби - со најголема должина од 50 m, наголема висина од 10 m и димензија на окца од најмалку 20 mm и
6. повлечни мрежи за сите видови риби се со најголема должина од 500 m, најголема висина од 5 m и димензија на окца од најмалку 10 mm.
7. струкови за риболов на сом, крап и јагула со најмногу 100 јадици на конец.
8. блинкер за влечење за охридска пастрмка и охридска белвица со најмногу два стапа на пловен обект со врзани најмногу десет блинкери на стап и пет топки со врзани најмногу седум блинкери на топка.

(3) Должината и висината на мрежите се мери во однос на конецот на кој се поставени пливките и оловата и конецот кој ги поврзува. Димензијата на окцата на мрежите се мери од јазол до јазол кога мрежата е во влажна состојба.

(4) Комерцијален риболов на охридска пастрмка и охридска белвица со блинкери за влечење во дозволениот период за риболов може да се врши сите денови освен на денот недела и државните празници.

Член 5

(1) Дозволен риболовен прибор за вршење рекреативен риболов во зависност од видот на рибите, начинот на кој се користат и риболовната вода од која се ловат е риболовна трска, риболовна машинка (орша), риболовен конец и јадица, како и природни и вештачки мамци (блинкери, воблери, вештачки мушички).

(2) За вршење рекреативен риболов дозволен риболовен прибор според видот на риба и риболовното подрачје е :

1. најмногу две риболовни трски со по три јадици на трска или три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без риболовна машинка и природни или вештачки мамци за риболов на сите видови риби, освен пастрмка;

2. една риболовна трска со или без риболовна машинка и еден блинкер кој може да има една јадица (трокрака, двокрака или еднокрака), еден воблер кој може да има две јадици (трокраки, двокраки или еднокраки) или три мушички кои можат да имаат еднокраки јадици за риболов на пастрмка;

3. најмногу две риболовни трски со риболовна машинка на пловен објект со врзани најмногу еден блинкер или еден воблер на риболовна трска за риболов со влечење на пастрмка на рекреативните зони и

4. најмногу два стапа на пловен обект со врзани намногу десет блинкери на стап за риболов со блинкер за влечење на пастрмка и белвица на рекреативна зона Охридско Езеро.

(3) Рекреативен риболов на охридска пастрмка и охридска белвица со блинкери за влечење во дозволениот период за риболов може да се врши на денот недела и државните празници.

(4) Дозволена риболовна опрема за вршење риболов се пловни објекти чија должина изнесува најмногу 15 метри.

Член 6

(1) Големината на рибите под која не смеат да се ловат изнесува:

| Фамилија/вид на риба | Научно име | Големина |
|---|---|---|
| **Пастрмки** | ***Salmonidae*** | |
| пастрмка – во стоечки води | *Salmo letnica* | 35 cm |
| пастрмка – во истечни води | *Salmo macedonicus, Salmo pelagonicus, Salmo farioides* | 30 cm |
| охридска белвица | *Salmo ohridanus* | 22 cm |
| **Краповидни** | ***Cyprinidae*** | |
| крап | *Cyprinus carpio* | 40 cm |
| клен, утман, бушар | *Squalius vardarensis, Squalius orpheus, Squalius squalus.* | 30 cm |
| бојник, скобуст, подуст | *Chondrostoma vardarense, Chondrostoma nasus Chondrostoma prespense* | 25 cm |
| бела мрена | *Barbus macedonicus* | 35 cm |
| црна мрена – во стоечки води | *Barbus balcanicus, Barbus rebeli, Barbus strumicae, Barbus prespensis* | 15 cm |

| | | |
|---|---|---|
| писа, платица | *Scardinius erithrophtalmus*<br>*Scardinius knezevici* | 18 cm |
| црвеноперка | *Rutilus rutilus* | 17 cm |
| попадика (еѓупка) | *Vimba vimba, Vimba melanops* | 20 cm |
| златен карас | *Carassius carassius* | 20 cm |
| лињак, линиш | *Tinca tinca* | 25 cm |
| **Перкии** | ***Percidae*** | |
| костреш | *Perca fluviatilis* | 18 cm |
| смуѓ | *Stiziostedion lucioperca* | 35 cm |
| **Сомови** | ***Siluridae*** | |
| сом | *Silurus glanis* | 70 cm |
| **Штуки** | ***Esocidae*** | |
| штука | *Esox lucius* | 40 cm |
| **Јагули** | ***Anguillidae*** | |
| јагула | *Anguilla anguilla* | 60 cm |

(2) Големината на рибата се мери од врвот на муцунката до крајот на опашната перка, кога перката е нормално отворена.

Член 7

(1) Пловните објекти (чамци) кои се користат за вршење комерцијален риболов покрај обележувањето со регистарска ознака за вршење стопански цели согласно прописите за внатрешна пловидба, на двете страни на средината на чамецот треба да бидат обележани и со буквите „ВКР" (вршител на комерцијален риболов) и со евидентен број. Буквите и бројките треба да бидат уредно испишани, со флуоресцентна боја видно различна од бојата на чамецот.

(2) Големината на буквите и бројките треба да е во размер со големината на чамецот. Буквите и бројките треба да се испишани за да се видливи од поголема оддалеченост, а нивната големина не треба да биде помала од 10 cm висина и 5 cm ширина.

Член 8

(1) Рибарскиот алат од член 4 став (2) точките 1, 2, 3, 4 и 5 од овој правилник се означува на горните два краја со оловна пломба на која има жиг.

(2) Рибарскиот алат од став (1) на овој член при неговото поставување во риболовната вода на горните два краја се означува со пловки обележани со истиот евидентен број на чамецот со кој се врши риболовот.

(3) Рибарскиот алат од член 4 став (2) точка 6 од овој правилник при неговото поставување во риболовната вода на горниот крај се означува се пловка обележана со истиот евидентен број на чамецот со кој се врши риболовот.

Член 9

(4) Означувањето на рибарскиот алат од член 8 став (1) од овој правилник се врши пред неговата прва употреба.

(2) Рибарскиот алат од став (1) на овој член се евидентира по неговото означување пред неговата прва употреба, а се брише од евиденција со неговото расходување.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на обележување на пловните објекти и пломбирањето и евидентирањето на риболовниот алат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/08), Правилникот за големината на рибите под која не смеат да се ловат за вршење стопански и рекреативен риболов („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 57/13 и 48/17 ) и Правилникот за дозволените риболовни средства и нивната употреба за вршење стопански риболов („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11 и 57/14).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2706/3
29 октомври 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Цветан Трипуновски